Врз основа на член 9, став 2, член 17 став 1, член 24 став 1, член 25 став 6, член 27 став 2, член 28 став 5 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003 и 84/2005), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 26.01.2006 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 111/2000, 4/2001, (исправка) 71/2001, 23/2002 и 55/2004) во член 3 се додава нов став 2 кој гласи:

„Здравствените услуги од став 1 на овој член осигуреното лице може да ги оствари само во здравствени установи со кои Фондот склучил договор“.

Член 2

Во член 19 став 2 по зборот „Фондот“ се додаваат зборовите: „за евиденција“.

Член 2

Во член 20 се додава нов став 2 и став 3 кои гласат:

„По исклучок од став 1 на овој член, подрачната служба на Фондот по службена должност може да ја изврши промената со верификација на изјавата на осигуреното лице за непополнување на одјавата, во рок од 8 дена од поднесувањето.

Во рок од 8 дена од извршената промена од став 2 на овој член, подрачната служба на Фондот ги известува избраниот и новоизбраниот лекар“.

Ставот 2 и став 3 стануваат став 4 и став 5.

Член 3

Во членот 31 зборот: „естетски“ се брише, а по зборовите: „предните заби“ се додаваат зборовите: „со двокомпонентен композитен материјал“, а по зборовите: „ендодонска терапија“ се додаваат зборовите: „со дефинитивно полнење на канали со јодоформ фосфатен цемент“.

Член 4

Членот 49 се менува и гласи:

„Ако осигуреното лице е заболено од болест за која нема лек од Листата на лекови на товар на Фондот или неможе да биде заменет со друг лек од листата, може да оствари право на таков лек врз основа на оценката што ја дава лекарската комисија на Фондот, дека лекот е неопходен и единствен за тоа заболување.

Осигуреното лице за утврденото заболување и препорачаниот лек, доставува конзилијарно мислење од соодветната клиника до лекарската комисија на Фондот.

Трошоците за набавениот лек од ставот 1 на овој член, врз основа на веродостојна исправа и фискална сметка, паѓаат на товар на Фондот во висина од најниската утврдена цена за лек од истата генерика доколку постојат различни производители“.

Член 5

После членот 72 се додава нова глава VI а и нов член 72-а кој гласат:

„VI а. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ВЕШТАЧКО ОПЛОДУВАЊЕ

Член 72-а

Осигуреното лице на товар на средствата на Фондот остварува право на вештачко оплодување, најмногу до трет обид за оплодување.“

Член 6

Членот 80 се менува и гласи:

„Времетраењето на спреченост на работа, избраниот лекар и лекарската комисија ја утврдуваат на начин и постапка утврдени со посебен правилник на Фондот за начинот, постапките и поблиските критериуми за утврдување на привремената спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата.“

Член 7

Се бришат членовите од 80 до 86.

Член 8

Во член 87 се додава нов став 2 и 3 кои гласат:

„Осигурениците од став 1 на овој член можат да остварат право на надоместок на плата ако се исполнети следните услови за остварување на правото на надоместок на плата од Законот и тоа:

- ако здравственото осигурување по основ на работен однос траело непрекинато најмалку шест месеци пред настапување на случајот, поради кој се стекнува правото;
- придонесот за задолжително здравствено осигурување редовно да е уплатуван или со задоцнување од најмалку 60 дена, и
- оценката за привремената спреченост за работа да ја дал избраниот лекар, односно Лекарската комисија, во согласност со правилникот.

По исклучок на став 1 алинеја 1 на овој член, во случај на повреда на работа и професионално заболување осигурениците можат да остварат право на надоместок на плата“.

Член 9

Во член 88 се додава нов став 2 кој гласи:

„Осигурениците кои стекнуваат или стекнале право на надоместок на плата по било кој основ од законот, а во последните шест месеци пред настанување на случајот поради кој се стекнува правото на надоместок кај работодавачот е зголемена платата само за тој осигуреник, во тој случај при утврдување на основицата на надоместокот на плата се зема во предвид периодот од претпоследните шест месеци пред настанатото зголемување на платата“.

Ставот 2 станува став 3.

Член 10

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Управен одбор
Заменик претседател,
проф. д-р **Магдалена Антова-Велевска**, с.р.